Врз основ на член 14 став 1 и 3, член 22 и 23 од Законот за работни односи -пречистен текст (Сл. Весник на РМ 167/2015 ), член 20-г од од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ 27/14 и 199/14), а во врска со примено Позитивно мислење на Годишниот план за вработување за 2018 год. со бр. 12/6-2060/12 од 18.12.2017 година ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје објавува

ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2018
За пополнување слободни работни места на неопределено работно време

1. ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје има потреба од вработување на:

| Ред број | Шифра | Назив на работното место | Сектор | Бр на извршители |
|---|---|---|---|---|
| 1 | КДР.04.03.В01.014 | Работник со помошни машини | Градско Зеленило | 8 |
| 2 | КДР.03.05.В02.031 | Општ работник | Градско Зеленило | 8 |
| 3 | КДР.03.05.В02.031 | Општ Работник Одделение Парк 2 | Градско Зеленило | 4 |
| 4 | КДР.03.05.Б04.048 | Шумар на објект парк шума Водно и Гази Баба | Вонградско Зеленило | 2 |
| 5 | КДР.03.05.В01.014 | Работник со помошни машини | Вонградско Зеленило | 2 |
| 6 | КДР.03.05.В02.031 | Општ Работник | Вонградско Зеленило | 2 |
| 7 | КДР.03.05.В02.031 | Општ Работник | Подигање Зеленило | 8 |
| 8 | КДР.03.05.В01.014 | Работник со помошни машини | Дрвореди | 4 |
| 9 | КДР.03.05.В02.031 | Општ Работник | Дрвореди | 2 |

2. Работниот однос за сите работни места се заснова на неопределено работно време.
3. Работниот однос се заснова на полно работно време.
4. Секој кандидат треба да ги исполнува општите услови:
- Да е државјанин на Република Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

5. Кандидатите кои ќе се пријават за работните места под ред. од бр. 1 до бр. 9 треба да ги исполнуваат посебните услови во ЗРО или Колективен договор за комунални дејности и условите утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје; односно

Посебни услови утврдени со Закон за јавни претпријатија и ЗРО или Колективен договор за комунални дејности за сите даватели на услуги за сите категории се:
Стручни квалификации:
- давател на услуга категорија В за сите нивоа најмалку ниво на квалификации I или основно образование,
- давател на услуга лица од четри ниво (Б4), најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четри годишно средно образование и
Работно искуство, и тоа:
за ниво В1 најмалку една година работно искуство во струка,
за ниво В2 со или без работно искуство,
за ниво Б4 со или без работно искуство;

6. Работното време изнесува пет работни дена во неделата (од понеделник до петок) и ќе биде од 7 часот до 15 часот.

7. Основната нето плата за работното место бр. 1 изнесува 18.252,оо денари за полно работно време,

Основната нето плата за работното место бр. 2 изнесува 16.660,оо денари за полно работно време,

Основната нето плата за работното место бр. 3 изнесува 17.885,оо денари за полно работно време,

Основната нето плата за работното место бр. 4 изнесува 18.865,оо денари за полно работно време,

Основната нето плата за работното место бр. 5 изнесува 18.742,оо денари за полно работно време,

Основната нето плата за работното место бр. 6 изнесува 17.150,оо денари за полно работно време,

Основната нето плата за работното место бр. 7 изнесува 17.640,оо денари за полно работно време,

Основната нето плата за работното место бр. 8 изнесува 19.110,оо денари за полно работно време,

Основната нето плата за работното место бр. 9 изнесува 17.640,оо денари за полно работно време;

8. Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во канцелариите на јавното претпријатие или на веб страната www.parkovi.com.mk

9. Со пријавата кандидатите за сите работните места треба да приложат

- Кратка биографија
- Доказ за завршено образование (диплома оригинал или копија заверена на нотар)
- Уверение за државјанство на Република Македонија (оригинал или копија заверена на нотар)
- Доказ дека не му е изречена казна за забрана за вршење на професија, дејност или должност (оригинал или копија заверена на нотар)

10. Пријавите заедно со прилозите се доставуваат лично во јавното претпријатие или по пошта на адреса ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје ул. "Илинден" бр. 104; 1000 Скопје.

Контакт тел: 02/3070 112 e-mail: covecki.resursi@parkovi.mk.com

Огласот трае 5 дена сметано од денот на последното објавувањето во дневен печат.

Ненавремените, нецелосни и неуредно пополнети пријави нема да бидат предмет на разгледување.

**ЈП Паркови и зеленило**
**ВД директор**

---------------------------

**Ardijan Muça**